**Користење на материјалите од вебсајтот**

Во согласност со целите и мисијата на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија (СЗДСМ), речиси сите материјали објавени на овој вебсајт се достапни за симнување и споделување, со исклучок на: (а) слики, и (б) материјали кои содржат изјава за авторски права на трета страна различна од СЗДСМ. Материјалите се отворени за користење под услов: (а) конкретните написи, делови, аудио или видео материјали да бидат репродуцирани во целост и во нивната оригинална форма, и да не се предмет на уредување или модификување на каков било начин; (б) сите копии да го наведат оригиналниот автор (доколку е познат) и СЗДСМ, и да вклучат линк до www.diabetes.mk како оригинален извор на делото; и (в) копиите да се дистрибуираат само за некомерцијални цели и нивната дистрибуција да не се наплатува.

Освен во конкретно опишаните случаи од претходниот параграф, на корисниците не им е дозволено да ги копираат, репродуцираат, дистрибуираат, модификуваат, прикажуваат, преобјавуваат, пренесуваат или на друг начин да ја користат содржината на овој вебсајт без претходна пишана дозвола од СЗДСМ. Ве молиме да нѐ исконтактирате за добивање таква дозвола. Името „Сојуз на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија“, логото и сите сродни знаци се заштитена сопственост на СЗДСМ и во ниеден случај не можат да бидат репродуцирани одделно од текстуалната содржина поврзана со нив на овој вебсајт. Сите трговски марки и услужни марки на вебсајтот што не ги поседува СЗДСМ се сопственост на нивните соодветни носители. Трговските имиња, трговските марки и услужните марки што ги поседува СДЗСМ, без оглед дали се регистрирани или нерегистрирани, не смеат да се користат во врска со кој било производ или услуга што не се наши.

***